Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Сто педесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 мај 2023 година

Скопје, мај 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 мај 2023 година**

Седницата започна во 14:00 часот.

Со седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваа и д-р Оливера Нечовска, секретар во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, м-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство, Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата учествуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кернар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 152-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 мај 2023 година

**Пред преминување на Дневен ред**

Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

- Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 17-Економска и монетарна политика од Кластер 3-Конкурентност и инклузивен раст, со прилози

- Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Кластер 3 Конкурентност и инклузивен раст, Поглавје 20 Претпријатија и индустриска политика, со прилози

- Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 26 Образование и култура од Кластер 3 – Конкурентност и инклузивен раст, со прилози

- Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 29 Царинска унија од Кластер 3 – Конкурентност и инклузивен раст, со прилози

1. Информација за финансиската состојба на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, со барање за финансиски средства за 2023 година, со предлог – одлуки

2. Информација за Правилникот за систематизација на работни места на Фондот за иновации и технолошки развој и Правилникот за внатрешна организација на Фондот за иновации и технолошки развој, со предлог-одлуки

3. Информација за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1 јануари - 31 март 2023 година

4. Информација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во врска со Предлог-анекс Договор бр.2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија-Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Прилеп, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштво за производство, трговија и услуги Вик Македонија ДООЕЛ с.Алинци Прилеп како закупопримач, заведен кај закуподавачот под број 09-543/1 од 18.4.2017 година и Анекс Договор бр.1 заведен кај закуподавачот под број 09-543/3 од 27.12.2017 година, со предлог-одлуки

5. Информација за донесување на Одлука за давање на согласност за склучување Договор за пренесување на право на градење, со Предлог-одлука

6. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавна здравствена установа Здравствен дом „Неготино“ – Неготино)

7. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У 03-264/1 (КП бр. 21421, КО Куманово)

8. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У 03-265/1 (КП бр.18420, КО Куманово)

9. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У.бр. 03-266/1 (КП бр. 9190/1, КО Куманово).

10. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У 03-267/1 (КП бр.172 дел 2, КО Режановце).

11. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У 03-287/1 (КП бр.4275/1 КО Куманово).

12. Годишна програма за работа и развој на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје за 2023 година, со Предлог-одлука

13. Информација за оправданоста на Барањето за согласност за вработување на определено време преку агенција за привремени вработувања во Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес

14. Статутарна одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип, со Предлог-одлука

15. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за продажба на деловен простор сопственост на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје (катна гаража „Солунски конгрес“)

16. Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор во Скопје и Предлог – одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на продажна цена на станбен простор наменет за продажба во Скопје

17. Годишен извештај за работата на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви – МАКОРА за 2022 година, со Предлог-одлука

18. Годишна пресметка за 2022 година и Извештај за спроведување на Годишниот план за работа за 2022 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог – одлука

19. Извештај за реализираната Годишна програма за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2022 година

20. Предлог - одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр 1878/1)

21. Предлог - фискална стратегија на Република Северна Македонија 2024-2028

22. Информација со Предлог основно сценарио и нови иницијативи за финансирање во наредниот среднорочен период 2024-2028 година

23. Информација за потребата од промени во начинот на утврдување на премијата за задолжително осигурување од автомобилска одговорност

24. Информација за задолжување на Општина Радовиш кај Комерцијална банка АД Скопје, со Предлог-одлука

25. Информација за доставено Барање бр. 11-3291/2 од 23.2.2023 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за државни патишта кон Експорт-импорт банка на Кина поради неможност за отплата на доспеаните обврски

26. Предлог-уредба за престанување на важењето на Уредбата за спроведување на политиката за рурален развој

27. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година

28. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Мустафа Ибраимов, ул.Калково б.б, с.Јосифово - Валандово, со Предлог-одлука

29. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Усеин Ибраимов, ул. „Калково" б.б, с.Јосифово - Валандово, со Предлог-одлука

30. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ивана Данилова ул.Загребачка бр.17, Штип, со Предлог – одлука

31. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Друштво за производство на вино Винарија Крњево ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.1558 бр.18-А/ Радишани, Бутел, Скопје, со Предлог-одлука

32. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Елизабета Велковиќ ул.„11 Октомври" бр.15, Росоман, со Предлог – одлука

33. Информација за спроведување на Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.12 „Драгор" – Битола со кое управува концесионерот Ловно риболовно здружение „Пелагонија-Пелистер" – Битола, со Предлог - спогодба

34. Информација за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и / или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство)

35. Информација во врска со Барањето на концесионерот „РДЛ СОУЛ" ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на МХЕЦ Орешка со реф.бр. 308

36. Информација во врска со Барањето на концесионерот ДИС Енергија ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на МХЕЦ Шталковска со реф. бр. 364

37. Информација во врска со статус на реализација на Договорот за концесија за малата хидроелектрана на локација бр.407 Пена на концесионерот ЦММ Енерџи компани ДООЕЛ Скопје

38. Информација за завршување на преговори за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки

39. Информација во врска со извршената повторна евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина– песок и чакал на локалитетот „Коџа Дол“ с.Доброшинци, Општина Василево 3/22 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.117/22), со Предлог – одлука

40. Информација во врска со Барањето за давање согласност за поделба на Друштвото за инженеринг, проектирање, монтажа, производство и трговија Кодинг ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

41. Информација за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година, со предлог - одлуки

42. Информација за распределба на средствата остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2021 година, со Предлог - одлука

43. Информација за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 13-7602/1 од 31.7.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Еуро брик компани ДОО Велес

44. Информација за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 13-7581/1 од 31.7.2018 година и анекси на Договорот бр.13-7581/3 од 1.11.2018 година и бр.11-7991/1 од 15.10.2019 година, склучени помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за трговија и услуги Елитте софа ДОО Скопје

45. Информација за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 13-7574/1 од 31 јули 2018 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Трговско друштво за производство и трговија Сара-колант вили ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје

46. Информација за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 09-11174/1 од 14.10.2021 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, градежништво, инженеринг, трговија на големо и мало, увоз – извоз и услуги Интегра инженеринг ДООЕЛ, Битола

47. Информација за статус на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр.12-7531/1 од 31.7.2018 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги Кетрин ДООЕЛ Кочани

48. Информација за статусот на Договорот за финансиска поддршка бр. 13-7604/1 од 31.7.2018 година и анекси на Договорот бр. 13-7604/4 од 1.11.2018 година и бр. 11-8077/1 од 15.10.2019 година склучени помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги Мирана ДООЕЛ, експорт-импорт, Велес

49. Информација за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 13-7608/1 од 31.7.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги Мај фешн ДООЕЛ, Кочани

50. Информација за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 13-7569/1 од 31.7.2018 и Анекс на Договорот бр. 13-8036/1 од 15.10.2019 година, склучени помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги Митротек увоз-извоз Охрид

51. Информација за статус на Договорот за финансиска поддршка бр.13-7584/1 од 31.7.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за трговија Мултитекс ДОО увоз-извоз, Битола

52. Информација за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 13-7600/1 од 31.7.2018 година и Анекс на Договорот бр.13-7600/4 од 1.11.2018 година, склучени помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги Принт солушн ДООЕЛ увоз-извоз, Битола

53. Информација за разгледување на можностите и усогласување на позициите за добивање на привилегии и имунитети за Зелениот климатски фонд од страна на државата, со прилози

54. Информација за давање на трајно користење на недвижни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

55. Предлог-одлука за определување на местата на влез на кои ќе се врши фитосанитарна инспекција

56. Предлог - одлука за еднostран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – кварцен песок на локалитетот „Врловица“ с.Варвара, Општина Сопиште

57. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање на Координативно тело за следење на спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 и на акциските планови за спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година

58. Предлог-одлука за пренесување на право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

59. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во Потпрограма 20-Сообраќај и комуникации, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2023 година

60. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во Потпрограма 30 - Урбанизам и градежништво, ставка 488 - Капитални дотации до ЕЛС во буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2023 година

61. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во Програма 3Б - Водовод и канализација за општините, ставка 488 - Капитални дотации до ЕЛС во буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2023 година

62. Предлог-одлука за зголемување на капиталот на Република Северна Македонија кај Банката за развој при Совет на Европа

63. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за услуги „Покерфејс“ ДООЕЛ Скопје за деловната просторија на ул.„плоштад Нова Југославија“ бр.4/ згр.1-Б4-6 вл.1 во Куманово

64. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за производство, трговија и услуги „Астра електроник компани“ ДОО Скопје, во деловната просторија која се наоѓа на ул.„Населено место без уличен систем“ бр.место викано „Милци“, Богородица, Гевгелија

65. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за приредување игри на среќа „Делта бет“ ДОО Скопје, во уплатно-исплатното место кое се наоѓа на ул.„9“ бр.43, Илинден 1000 Скопје

66. Предлог на закон за ратификација на Договорот за правната положба на Организацијата на Северноатлантскиот договор, националните претставници и меѓународниот персонал

67. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Велковска и други против Северна Македонија А.бр. 10826/22 и 13 други апликации

68. Предлог-програма за изменување на Националната годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2023 година

69. Информација за преземени активности во врска со склучување на договори за социјално осигурување во 2022 година

70. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Деловно право“ на Правен факултет при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог – решение

71. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Настава по јазик“ на Педагошки факултет при Универзитет „Св.Климент Охридски“ во Битола, со Предлог-решение

72. Информација за давање позитивно мислење за основање на општинско основно училиште со седиште во с.Чифлик, Општина Сопиште, односно поделба на веќе постоечкото училиште ООУ„Драга Стојановска“, с.Ракотинци, Сопиште

73. Информација за платите на директорите во установите од областа на културата со Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на коефициенти и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата

74. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Здружението за афирмација на ликовното творештво, организација на ликовниот живот и збогатување на ликовната култура, Друштво на ликовните уметници на Македонија - Скопје

75. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Здравствен дом на Скопје – Скопје

76. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 - ми Септември“- Скопје

77. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Кратово“ - Кратово од областа на оториноларингологијата

78. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом „д-р Панче Караѓозов“ – Штип од областа на спортската медицина

79. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје

80. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонска Каменица (мебел, за потребите на ООУ „Свети Кирил и Методиј“)

81. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ново Село (мебел за потребите на ООУ „Мануш Турновски“, Ново Село)

82. Предлог- одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Могила (мебел, за потребите на ООУ „Гоце Делчев“)

83. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Маврово и Ростуше (мебел за потребите на ОУ „Блаже Конески“ Ц.О. с.Скудриње, Ростуша)

84. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонски Брод (мебел за потребите на ООУ „Св.Климент Охридски“, Македонски Брод)

85. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Новаци (мебел, за потребите на ООУ „Славко Лумбарковски“)

86. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (за потребите на ООУ „Исмаил Ќемали“ ,Скопје, Чаир)

87. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино (мебел, за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ Неготино) и Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино (мебел, за потребите на ООУ „Страшо Пинџур“ Неготино)

88. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

89. Барање за давање на автентично толкување на член 144 став (2) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12,13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), поднесено од пратеникот Даниела Николова

90. Барање за давање на автентично толкување на член 15 ставови 1 и 2 и став 4 алинеи 1, 3 и 5, член 19 став 2, член 38 став 4, член 41 ставови 1 и 2, член 46 ставови 3, 4, 5 и 6, член 66 став 1 алинеја 1, член 67 став 1 алинеја 1, член 68 став 1 алинеја 1, член 69 став 1 алинеја 1, член 70 став 1 алинеја 2, член 71 став 1 алинеја 2, член 72 став 1 алинеја 1, член 73 став 1 алинеја 1, член 79 став 2 алинеи 1 и 5, член 80 став 3, член 83 став 1 алинеја 1, член 88 став 1 алинеја 1, член 90 став 1 алинеи 1 и 2, член 91 став 4 алинеја 2, член 94 став 2 и член 134 став 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), поднесено од градоначалникот на Општина Битола

91. Годишен извештај за работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2022 година

92. Годишен извештај на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2022 година

93. Годишен извештај за работа за 2022 година, Финансиски план за 2023 година, Стратешки план за 2023 година и Програма за работа за 2023 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки, со предлог - одлуки

94. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2022 година, финансиски извештаи и Извештај на независниот ревизор, со Предлог-одлука

95. Иницијатива поднесена од СОНК - Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија, доставена до Уставниот суд под У.бр.44/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 166-б од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22)

96. Иницијатива за оценување на уставноста на членот 72 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.102/19), поднесена од Петар Баришиќ од Скопје

97. Иницијатива од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.50/2023, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.13/06, 88/08, 159/08, 105/09, 133/09, 145/10, 171/10, 53/11, 39/12, 84/12, 187/13, 15/15, 97/15, 129/15, 154/15, 23/16 и 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 290/20 и 247/22), како и членовите од 53 до 78 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21)

98. Статут на Приватна високообразовна установа Универзитет Скопје - Скопје, бр.03-56/3 од 2.3.2023 година

99. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович Државин“ - Свети Николе, бр.02-88/2 од 1.3.2023 година

100. Понуда од нотар Дарко Стојкоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.11548 за КО Долно Лисиче-вонград на КП бр.933, викано место/улица „Трска“

101. Понуда од нотар Анета Петровска Алексова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.9498 за КО Гази Баба, на КП бр.1363/7 и Имотен лист бр.5834 на КП бр.1360/1, викано место/улица „ул. Перо Наков“

102. Понуда од нотар Башким Амети од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.12780 за КО Сарај на КП бр. 13061/1 и Имотен лист бр.14425 за КО Сарај на КП бр.13061/2, викано место/улица „Сарај“

103. Понуда од нотар Башким Амети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.101632 за КО Ѓорче Петров 4-Влае на КП бр.6898, викано место/улица „Ѓорче Петров“

104. Известување од извршител Крум Коцарев од Скопје, доставено под И.бр.2185/16,за налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр.4004,за КО Ѓорче Петров 2-Мирче Ацев, КП бр. 5422/1

105. Кадровски прашања

106. Прашања и предлози

107. Информација за прераспределба на неискористените средства до пропишаниот лимит до 15% од планираните капитални расходи од донесениот основен буџет со вклучени прераспределби кај буџетските корисници од централната власт во првиот квартал во 2023 година, согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, со Преглед за реализација на капиталните расходи

108. Информација по однос на заклучоците донесени на Седумдесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија за мерките и динамиката за исплата на неплатените даночни обврски на јавните претпријатија - даночни должници и промената на долговните состојби кај истите до 31.12.2021 година, со прилог

109. Годишен извештај за оценувањето на административните службеници во Република Северна Македонија за 2022 година

110. Информација за донесување Протокол за меѓусебна соработка на надлежни субјекти за преземање мерки за превенција, спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, со усогласен текст на Протокол

111. Информација за динамиката на спроведување на активности, со цел олеснување и забрзување на протоколот на патници, возила и стоки на граничните премини Табановце – Прешево, како дел од Иницијативата Отворен Балкан

112. Извештај за работата на Советот за македонски јазик за периодот март – декември 2022 година

113. Извештај за работата на Државниот испитен центар за 2022 година, со Финансиски извештај

114. Годишен извештај за работата на Советот за образование на возрасните за 2022 година и Годишниот план за работата на Советот за образование на возрасните за 2023 година

115. Финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1 октомври 2022 година до 31 декември 2022 година

116. Тримесечен финансиски извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – берза Скопје, за периодот јануари – март 2023 година

117. Информација за извршени координирани акции и други активности на Координативното тело за интелектуална сопственост во текот на 2022 година

118. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Министерството за финансии - Царинска управа на Република Северна Македонија (сметка на основен буџет 637, сметка на основен буџет 631 и сметка на буџет од самофинансирачки активности 787)

119. Извештај за работата на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2022 година

120. Извештај за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлука на Владата на Република Северна Македонија бр.41-7523/1 од 30.8.2022 година

121. Извештај за реализација на финансиски средства добиени со Одлука на Владата на Република Северна Македонија бр.41-7523/1 од 30.8.2022 година

122. Информација во врска со одржување на Годишно собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 30 мај 2023 година

123. Информација за отпочната арбитражна постапка по однос на раскинување на Договор за изведба на градежни работи на Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза“, Скопје бр. RHPI-II-ICB-002-16 со арх. бр. 20-74/34 од 19.5.2017 година

124. Информација за измена на динамика на реализација на повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за реализација на проектот „Регулација на дел од Ободен канал во н.м. Арачиново, Општина Арачиново“

125. Информација за исплата на пензии за мај 2023 година

126. Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година

127. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО во Република Романија

128. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО операцијата „enhanced Vigilance Activity-eVA“, во Република Романија

129. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО операцијата „enhanced Vigilance Activity-eVA“, во Република Романија

130. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година

*

*          *

**Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

**- Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 17-Економска и монетарна политика од Кластер 3-Конкурентност и инклузивен раст, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 17 – Економска и монетарна политика од Кластер 3 – Конкурентност и инклузивен раст, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Листата на учесници за билатералниот скрининг за Поглавје 17 – Економска и монетарна политика.

2. Се задолжува Работната група за Поглавје 17 - Економска и монетарна политика при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

**- Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Кластер 3 Конкурентност и инклузивен раст, Поглавје 20 Претпријатија и индустриска политика, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Кластер 3 Конкурентност и инклузивен раст, Поглавје 20 - Претпријатија и индустриска политика, кој ќе се одржи од 31 мај до 1 јуни 2023 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Листата на учесници за билатералниот скрининг за Поглавје 20 - Претпријатија и индустриска политика.

2. Се задолжува Работната група за Поглавјето 20 - Претпријатија и индустриска политика при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции, согласно презентациите и насоките од главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

3. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да номинира претставник за учество на билатералниот скрининг за Кластер 3 Конкурентност и инклузивен раст, Поглавје 20 - Претпријатија и индустриска политика за одговор на евентуални прашања поврзани со Планот за економски раст, Законот за финансиска поддршка на инвестиции, Законот за стратешки инвестиции и Регистарот на државна помош.

4. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да номинира претставник за учество на билатералниот скрининг за Кластер 3 Конкурентност и инклузивен раст, Поглавје 20 - Претпријатија и индустриска политика за одговор на евентуални прашања поврзани со социјално претприемништво.

**- Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 26 Образование и култура од Кластер 3 – Конкурентност и инклузивен раст, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 26 Образование и култура од Кластер 3 – Конкурентност и инклузивен раст, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Предлог-листата на учесници за билатералниот скрининг.

2. Се задолжува Работната група за Поглавје 26 Образование и култура при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

**Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 29 Царинска унија од Кластер 3 – Конкурентност и инклузивен раст, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 29 - Царинска унија од Кластер 3 – Конкурентност и инклузивен раст, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Работната група за Поглавје 29 - Царинска унија при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

2. Се задолжува Министерството за здравство, најдоцна до 26.5.2023 година да достави номинација на претставник, кој ќе учествува на билатералниот скрининг за поглавје 29 - Царинска унија, кој ќе се одржи на 7 и 8 јуни 2023 година во Брисел, кој ќе одговори на евентуални прашања во делот Прекурзори од точката Царинско спроведување на нецарински законодавство, до Секретаријатот за европски прашања и Царинската управа.

3. Се задолжуваат Министерството за здравство и Министерството за надворешни работи, најдоцна до 26.5.2023 година, до Секретаријатот за европски прашања и Царинската управа да достават информација за статусот на Предлогот на закон за ратификација на Протоколот за елиминирање на недозволена трговија со тутунски производи, во случај на евентуални прашања од страна на Европската комисија (а согласно заклучок од 129 седница на Владата, одржана на 15.2.2023 година/точка 67).

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>**Точка 1**</u>

Владата ја разгледа Информацијата за финансиската состојба на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, со барање за финансиски средства за 2023 година, со предлог – одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

- Ја донесе Одлуката за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје;

- Ја даде Изјавата за преземање на нов влог;

- Ја донесе Одлуката за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје и

- Даде Изјава за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје (пречистен текст).

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за Правилникот за систематизација на работни места на Фондот за иновации и технолошки развој и Правилникот за внатрешна организација на Фондот за иновации и технолошки развој, со предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места на Фондот за иновации и технолошки развој.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на Фондот за иновации и технолошки развој.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1 јануари до 31 март 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во врска со Предлог анекс -договор бр.2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија-Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Прилеп, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштво за производство, трговија и услуги Вик Македонија ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп како закупопримач, заведен кај закуподавачот под број 09-543/1 од 18.4.2017 година и Анекс Договор бр.1 заведен кај закуподавачот под број 09-543/3 од 27.12.2017 година, со предлог-одлуки и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Анекс - договор бр. 2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, склучен помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија, како основач на ТИРЗ Прилеп, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Вик Македонија ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп, како закупопримач, заведен кај закуподавачот под број 09-543/1 од 18.4.2017 година и Анекс Договор бр.1 заведен кај закуподавачот под број 09-543/3 од 27.12.2017 година.

2. Ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Прилеп и за висината на закупнината.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Одлука за давање на согласност за склучување Договор за пренесување на право на градење, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за склучување Договор за пренесување на право на градење.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавна здравствена установа Здравствен дом „Неготино" – Неготино).

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У 03-264/1 (КП бр. 21421, КО Куманово).

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У 03-265/1 (КП бр.18420, КО Куманово).

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У.бр. 03-266/1 (КП бр. 9190/1, КО Куманово).

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У 03-267/1 (КП бр.172 дел 2, КО Режановце).

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У 03-287/1 (КП бр.4275/1 КО Куманово).

**Точка 12**

Владата по Годишната програма за работа и развој на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје за 2023 година, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работа и развој на Јавното претпријатие Национална радиодифузија - Скопје за 2023 година.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за оправданоста на Барањето за согласност за вработување на определено време преку агенција за привремени вработувања во Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии во рок од седум дена, да даде согласност на Барањето за согласност за вработувања на определено време преку агенција за привремени вработувања во Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес (за едно лице – градежен инженер и едно лице – возач, евидентичар).

**Точка 14**

Владата по Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ , Пробиштип.

**Точка 15**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за продажба на деловен простор сопственост на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје (катна гаража „Солунски конгрес“).

**Точка 16**

Владата ги донесе:
1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор во Скопје.
2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на продажна цена на станбен простор наменет за продажба во Скопје.

## Точка 17

Владата по Годишниот извештај за работата на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви – МАКОРА за 2022 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работа на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви за 2022 година

## Точка 18

Владата ја одложи од разгледување Годишната пресметка за 2022 година и Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа за 2022 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог – одлука, поради дополнителни усогласувања со Секретаријатот за законодавство.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 19

Владата го разгледа и го усвои Извештајот за реализираната Годишна програма за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2022 година.

## Точка 20

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр 1878/1).

## Точка 21

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог - фискалната стратегија на Република Северна Македонија 2024-2028, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 22

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата со Предлог - основно сценарио и нови иницијативи за финансирање во наредниот среднорочен период 2024-2028 година, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 23

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од промени во начинот на утврдување на премијата за задолжително осигурување од автомобилска одговорност, поради потребата истата да се усогласи со Секретаријатот со законодавство.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Општина Радовиш кај Комерцијална банка АД Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за задолжување на Општина Радовиш со долгорочен кредит кај Комерцијална банка АД Скопје.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за доставено Барање бр. 11-3291/2 од 23.2.2023 година за регулирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Јавното претпријатие за државни патишта кон Експорт-импорт банка на Кина поради неможност за отплата на доспеаните обврски ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да склучи договор за регулирање на доспеаниот долг на Јавното претпријатие за државни патишта кон Министерството за финансии по активираната државна гаранција односно по платената рата на 20.1.2023 година по Договорот за обезбедување на државна гаранција бр. 14-10754/2 од 24.6.2014 година, за исполнување на обврските по Договорот за заем за „Проектот за изградба на автопат - делница Кичево - Охрид" склучен помеѓу Експорт - импорт банка на Кина и Јавно претпријатие за државни патишта, со рок на враќање, од 10 години (120 месечни рати), без пресметка на редовна камата, со грејс период од три години, со што отплатата кон Министерството за финансии да почне од 1.2.2026 година, на износ и под услови како што е утврдено во Информацијата.

## Точка 26

Владата ја донесе Уредбата за престанување на важењето на Уредбата за спроведување на политиката за рурален развој.

## Точка 27

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Мустафа Ибраимов, ул.Калково б.б, с.Јосифово - Валандово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Усеин Ибраимов, ул. „Калково“ б.б, с.Јосифово - Валандово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ивана Данилова ул.Загребачка бр.17, Штип, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Друштво за производство на вино Винарија Крњево ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.1558 бр.18-А/ Радишани, Бутел, Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Елизабета Велковиќ ул.„11 Октомври“ бр.15, Росоман, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.12 „Драгор“ – Битола со кое управува концесионерот Ловно риболовно здружение „Пелагонија-Пелистер“ – Битола, со Предлог - спогодба и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се овластува Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство во име на Владата како концедент, во рок од 15 дена да ја склучи Спогодбата за раскинување на Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.12 „Драгор“ бр.42-6770/1 од 15.8.2014 година.

2. Предлог-одлуката за присилна концесија на дивечот од ловиштето бр. 12 „Драгор“ во ловен реон Битола, да се разгледа на наредната седница на Владата, по склучувањето на Спогодбата за раскинување на Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.12 „Драгор“ бр.42-6770/1 од 15.8.2014 година.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и / или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот „РДЛ СОУЛ“ ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на МХЕЦ Орешка со реф.бр. 308 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс кон Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Орешка со реф.бр. 308, 11-4176/1 од 4.5.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 29.12.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот „РДЛ СОУЛ“ ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Орешка со реф.бр. 308, најмалку до 27.2.2024 година.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот ДИС Енергија ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на МХЕЦ Шталковска со реф. бр. 364 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го овласти министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да го склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Шталковска со реф.бр.364, бр. 11-2435/1 од 11.4.2018 година за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 26.1.2024 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, да побара од концесионерот ДИС Енергија ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа МХЕЦ Шталковска со реф.бр.364 најмалку до 26.3.2024 година.

## Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статус на реализација на Договорот за концесија за малата хидроелектрана на локација бр.407 Пена на концесионерот ЦММ Енерџи компани ДООЕЛ Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести концесионерот ЦММ Енерџи Компани ДООЕЛ Скопје дека за локацијата бр.407 Пена, согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија му се продолжува разумниот рок до 2 јули 2023 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

2. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ЦММ Енерџи компани ДООЕЛ Скопје да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.407 Пена ќе се продолжи најмалку до 2 август 2023 година.

3. Се укажува на Општина Тетово, во најбрз можен рок, да склучи договор со Друштвото ЦММ Енерџи компани ДООЕЛ за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за изградба на објекти од јавен интерес утврдени со закон и да донесе решение за засновање на право на стварна службеност на Друштвото ЦММ Енерџи компани ДООЕЛ.

4. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, по исполнување на законските услови од Законот за градење, а по поднесување на барањата од Друштвото ЦММ Енерџи компани ДООЕЛ, во рок од 30 дена да издаде одобрение за употреба за МХЕЦ бр. 407 Пена.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за завршување на преговори за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја прифати Нацрт-одлуката од Комитетот за јавни набавки на Светската трговска организација за пристапување на Република Северна Македонија кон изменетата Спогодба за јавни набавки (2012).

2. Го задолжи Министерството за економија, најдоцна десет дена по усвојување на Нацрт - одлуката од Комитетот за јавни набавки на Светската трговска организација за пристапување на Република Северна Македонија кон изменетата Спогодба за јавни набавки (2012), да достави до Министерството за надворешни работи Предлог на закон за ратификација на изменетата Спогодба за јавни набавки (2012) со Одлуката од Комитетот за јавни набавки на Светската трговска организација за пристапување на Република Северна Македонија кон изменетата Спогодба за јавни набавки (2012).

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената повторна евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина– песок и чакал на локалитетот „Коџа Дол“ с.Доброшинци, Општина Василево 3/22 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.117/22), со Предлог – одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 3/2022, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.117/22.

2. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – песок и чакал на Друштвото за трговија, производство и услуги Минерал груп ДООЕЛ Струмица на локалитетот „Коџа Дол“ с.Доброшинци, Општина Василево.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето за давање согласност за поделба на Друштвото за инженеринг, проектирање, монтажа, производство и трговија Кодинг ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност за поделба на Друштвото за инженеринг, проектирање, монтажа, производство и трговија Кодинг ДООЕЛ Скопје.

2. Го овласти м-р Крешник Бектеши, министер за економија, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да потпише Анекс на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина- вода за пиење (флаширање) на локалитетот „Трнскот“, Општина Кавадарци бр.24-5727/1 од 13.11.2014 година во рок од 60 дена по добиено известување до Министерството за економија за извршена статусна промена во Централен регистар на Република Северна Македонија.

## Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година, со предлог - одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за Детален урбанистички план за Блок 8 од Градска четврт ССИ 03 од Генералниот урбанистички план на Град Скопје донесен со Одлука на Советот на Град Скопје бр. 07-5068/1 од 23.12.2012 година).

2. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за Генерален урбанистички план за Тетово).

3. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за Урбанистички план за село Долно Оризари, Општина Шуто Оризари).

4. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за Урбанистички проекти за Казнено-поправна установа Идризово).

5. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за Урбанистички проект за изградба на фотоволтаични централи, со намена Е2- комунална супраструктура, КО Богданци вон-град, Општина Богданци).

6. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за Урбанистички проект за формирање на градежни парцели во Блок 1, за наменска зона 1.1 со основна намена В2- здравство и социјална заштита – Универзитетски клинички центар, дефинирана во Урбанистички план вон населено место Веле Поле, Општина Ѓорче Петров).

7. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за Урбанистички проект за Казнено-поправна установа Прилеп).

8. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за Генерален урбанистички план за Дебар).

9. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за урбанистички план односно урбанистички проект за Прифатен центар за странци).

10. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за урбанистички план односно урбанистички проект за граничен премин Деве Баир).

11. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за урбанистички план односно урбанистички проект за граничен премин Богородица).

12. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за урбанистички план односно урбанистички проект за граничен премин „Струмјани - Берово“ (ГП Клепало)).

13. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за урбанистички план односно урбанистички проект за граничен премин Мајден, Општина Кавадарци, од македонска и граничен премин Промахои од грчка страна).

14. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за урбанистички план односно урбанистички проект за граничен премин Табановце, Општина Куманово).

15. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за Урбанистички план односно урбанистички проект за касарна Страшо Пинџур во КО Кадино и КО Мралино – Општина Илинден).

16. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со класа на намена В4 – згради на органите на државната власт, во градска четврт З 04, Блок З 04.01, КО Карпош, Општина Карпош).

17. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година (за изработка на ажурирана геодетска подлога за Детален урбанистички план за Градска четврт С21, Блок 06, Општина Гази Баба).

18. Се укажува на Агенцијата за планирање на просторот во рок од десет дена до Агенцијата за катастар на недвижности да достави дефинирани граници на планските и проектните опфати со координати за локациите опфатени со Одлуките за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година.

19. Се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности по добивање на дефинирани граници на планскиот опфат со координати за локациите опфатени со Одлуките за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2023 година, во рок од 60 дена да изработи ажурирани геодетски подлоги и истите да ги достави до Агенцијата за планирање на просторот.

## Точка 42

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за распределба на средствата остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2021 година, со Предлог - одлука, за наредната седница на Владата поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 13-7602/1 од 31.7.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Еуро брик компани ДОО Велес, ја усвои и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економски ресори и инвестиции, до компанијата Еуро брик компани ДОО Велес да испрати писмено известување, со барање за поврат на целокупната примена финансиска поддршка во износ од 2.337.165,00 денари, која корисникот има обврска да ја врати во рок од 60 дена од доставување на писменото известување.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 13-7581/1 од 31.7.2018 година и анекси на Договорот бр.13-7581/3 од 1.11.2018 година и бр.11-7991/1 од 15.10.2019 година, склучени помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за трговија и услуги Елитте софа ДОО Скопје, ја усвои Информацијата и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, до компанијата Елитте Софа ДОО Скопје, да испрати писмено известување со барање за поврат на целокупната примена финансиска поддршка во износ од 398.229,00 денари, која корисникот има обврска да ја врати во рок од 60 дена од доставување на писменото известување.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 13-7574/1 од 31 јули 2018 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Трговско друштво за производство и трговија Сара-колант вили ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје, ја усвои и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, до компанијата Сара-колант вили ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје да испрати писмено известување со барање за поврат на целокупната примена финансиска поддршка во износ од 508.381,00 денари, која корисникот има обврска да ја врати во рок од 60 дена од доставувањето на писменото известување.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 09-11174/1 од 14.10.2021 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, градежништво, инженеринг, трговија на големо и мало, увоз – извоз и услуги Интегра инженеринг ДООЕЛ, Битола, ја усвои и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економски ресори и инвестиции, до компанијата Интегра инженеринг ДООЕЛ, Битола да испрати писмено известување со барање за поврат на целокупната примена финансиска поддршка во износ од 169.197,00 денари, која корисникот има обврска да ја врати во рок од 60 дена од доставување на писменото известување.

## Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр.12-7531/1 од 31.7.2018 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги Кетрин ДООЕЛ Кочани, ја усвои и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, до компанијата Кетрин ДООЕЛ Кочани да испрати писмено известување со барање за поврат на целокупната примена финансиска поддршка во износ од 70.044,00 денари, која корисникот има обврска да ја врати во рок од 60 дена од доставувањето на писменото известување.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на Договорот за финансиска поддршка бр. 13-7604/1 од 31.7.2018 година и анекси на Договорот бр. 13-7604/4 од 1.11.2018 година и бр. 11-8077/1 од 15.10.2019 година склучени помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги Мирана ДООЕЛ, експорт-импорт, Велес, ја усвои и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, до компанијата Мирана ДООЕЛ, експорт-импорт, Велес да испрати писмено известување со барање за поврат на целокупната примена финансиска поддршка во износ од 1.094.521,00 денари, која корисникот има обврска да ја врати во рок од 60 дена од доставување на писменото известување.

## Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 13-7608/1 од 31.7.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги Мај фешн ДООЕЛ, Кочани, ја усвои и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економски ресори и инвестиции, до компанијата Мај фешн ДООЕЛ, Кочани да испрати писмено известување со барање за поврат на целокупната примена финансиска поддршка во износ од 27.675,00 денари, која корисникот има обврска да ја врати во рок од 60 дена од доставување на писменото известување.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 13-7569/1 од 31.7.2018 и Анекс на Договорот бр. 13-8036/1 од 15.10.2019 година, склучени помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги Митротек увоз-извоз Охрид, ја усвои и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции до компанијата Митротек увоз-извоз Охрид да испрати писмено известување со барање за поврат на целокупната примена финансиска поддршка во износ од 1.022.537,00 денари, која корисникот има обврска да ја врати во рок од 60 дена од доставување на писменото известување.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за финансиска поддршка бр.13-7584/1 од 31.7.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за трговија Мултитекс ДОО увоз-извоз, Битола , ја усвои и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економски ресори и инвестиции, до компанијата Мултитекс ДОО увоз-извоз, Битола да испрати писмено известување со барање за поврат на целокупната примена финансиска поддршка во износ од 925.175,00 денари, која корисникот има обврска да ја врати во рок од 60 дена од доставување на писменото известување.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за финансиска поддршка бр. 13-7600/1 од 31.7.2018 година и Анекс на Договорот бр.13-7600/4 од 1.11.2018 година, склучени помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги Принт солушн ДООЕЛ увоз-извоз, Битола, ја усвои и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економски ресори и инвестиции, до компанијата Принт солушн ДООЕЛ увоз-извоз Битола, да испрати писмено известување, со барање за поврат на целокупната примена финансиска поддршка во износ од 88.326,00 денари, која корисникот има обврска да ја врати во рок од 60 дена од доставување на писменото известување.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за разгледување на можностите и усогласување на позициите за добивање на привилегии и имунитети за Зелениот климатски фонд од страна на државата, со прилози и ја усвои Информацијата со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за финансии - Царинска управа, Министерството за животна средина и просторно планирање, во рок од седум дена, да достават коментари и забелешки по однос на Нацрт - договорот за привилегии и имунитети за Зелениот климатски фонд до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, во рок од 14 дена, до Владата на Република Северна Македонија да достави усогласена верзија на Договорот за привилегии и имунитети.

## Точка 54

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (Објектот на Владата на Република Северна Македонија).

## Точка 55

Владата ја донесе Одлуката за  определување на местата на влез на кои ќе се врши фитосанитарна инспекција.

## Точка 56

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – кварцен песок на локалитетот „Врловица“ с.Варвара, Општина Сопиште.

## Точка 57

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Координативно тело за следење на спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 и на акциските планови за спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 година.

## Точка 58

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**Точка 59**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства обезбедени во Потпрограма 20-Сообраќај и комуникации, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2023 година.

**Точка 60**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства обезбедени во Потпрограма 30 - Урбанизам и градежништво, ставка 488 - Капитални дотации до ЕЛС во буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2023 година.

**Точка 61**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства обезбедени во Програма 3Б -Водовод и канализација за општините, ставка 488 - Капитални дотации до ЕЛС во буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2023 година.

**Точка 62**

Владата ја донесе Одлуката за зголемување на капиталот на Република Северна Македонија кај Банката за развој при Совет на Европа.

**Точка 63**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за услуги „Покерфејс" ДООЕЛ Скопје за деловната просторија на ул.„плоштад Нова Југославија" бр.4/ згр.1-Б4-б вл.1 во Куманово.

**Точка 64**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за производство, трговија и услуги „Астра електроник компани" ДОО Скопје, во деловната просторија која се наоѓа на ул.„населено место без уличен систем", бр.место викано „Милци", Богородица, Гевгелија.

**Точка 65**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за приредување игри на среќа „Делта бет" ДОО Скопје, во уплатно-исплатното место кое се наоѓа на ул.„9" бр.43, Илинден 1000 Скопје.

## Точка 66

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот за правната положба на Организацијата на Северноатлантскиот договор, националните претставници и меѓународниот персонал, го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана, Катерина Ставреска, директор во Министерството за надворешни работи и Наташа Дескоска помошник - директор во Министерството за надворешни работи.

## Точка 67

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Велковска и други против Северна Македонија А.бр. 10826/22 и 13 други апликации и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметите Велковска и други против Северна Македонија А.бр. 10826/22 и 13 други апликации (како во табелата во прилог составен дел на оваа информација).

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата, на 176 апликанти од предметите Велковска и други против Северна Македонија А.бр. 10826/22 и 13 други апликации, ќе им исплати вкупен износ од 56.900 евра во денарска противвредност, или поединечно по апликација, односно по апликант - износот наведен во табелата во прилог составен дел на оваа информација.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантите, во предметите Велковска и други против Северна Македонија А.бр. 10826/22 и 13 други апликации, да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметите, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права и за целите на конечно решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметите.

## Точка 68

Владата ја донесе Програмата за изменување на Националната годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2023 година.

## Точка 69

Владата ја разгледа Информацијата за преземени активности во врска со склучување на договори за социјално осигурување во 2022 година, ја усвои и го задолжи Министерството за труд и социјална политика најдоцна до крајот на јануари 2024 година да подготви и до Владата да достави информација за преземени активности во врска со склучување на договори за социјално осигурување во 2023 година.

## Точка 70

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Деловно право“ на Правен факултет при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Деловно право“ на Правен факултет при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

## Точка 71

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Настава по јазик“ на Педагошки факултет при Универзитет „Св.Климент Охридски“ во Битола, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Настава по јазик“ на Педагошки факултет при Универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола.

## Точка 72

Владата ја разгледа Информацијата за давање позитивно мислење за основање на општинско основно училиште со седиште во с.Чифлик, Општина Сопиште, односно поделба на веќе постоечкото училиште ООУ„Драга Стојановска“, с.Ракотинци, Сопиште, ја усвои и согласно член 22 став (5) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20) даде позитивно мислење за основање на општинско основно училиште „Дитурија“ с.Чифлик, Општина Сопиште.

Точка 73

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за платите на директорите во установите од областа на културата со Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на коефициенти и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии.

Точка 74

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Здружението за афирмација на ликовното творештво, организација на ликовниот живот и збогатување на ликовната култура, Друштво на ликовните уметници на Македонија - Скопје.

Точка 75

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Здравствен дом на Скопје – Скопје.

Точка 76

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 септември“- Скопје.

Точка 77

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Кратово“ - Кратово од областа на оториноларингологијата.

Точка 78

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом „д-р Панче Караѓозов“ – Штип од областа на спортската медицина.

Точка 79

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје.

**Точка 80**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонска Каменица (мебел, за потребите на ООУ „Свети Кирил и Методиј“).

**Точка 81**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ново Село (мебел за потребите на ООУ „Мануш Турновски“, Ново Село).

**Точка 82**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Могила (мебел, за потребите на ООУ „Гоце Делчев“).

**Точка 83**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Маврово и Ростуше (мебел за потребите на ОУ „Блаже Конески“ Ц.О. с.Скудриње, Ростуша).

**Точка 84**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонски Брод (мебел за потребите на ООУ „Св.Климент Охридски“, Македонски Брод)

**Точка 85**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Новаци (мебел, за потребите на ООУ „Славко Лумбарковски“).

**Точка 86**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (за потребите на ООУ „Исмаил Ќемали“, Скопје Чаир).

**Точка 87**

Владата ги донесе:
1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино (мебел, за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Неготино).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино (мебел, за потребите на ООУ „Страшо Пинџур“, Неготино).

## Точка 88

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и нема забелешки по текстот на истиот.

## Точка 89

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 144 став (2) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12,13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), поднесено од пратеникот Даниела Николова и притоа го утврди следното мислење:

Посочениот член 144, со наслов „Начин на користење на годишниот одмор“ во ставот (1) предвидува дека годишниот одмор се користи земајќи ги предвид потребите на работниот процес, како и можностите за одмор и рекреација на работникот, водејќи сметка за неговите семејни обврски.

Во ставот (2) се вели дека работникот има право два дена од годишниот одмор да ги искористи во денови коишто самиот ќе ги определи, ако тоа посериозно не го загрозува работниот процес, за што мора да го извести работодавачот најдоцна три работни дена пред користењето.

Подносителот на Барањето за автентично толкување смета дека одредбата од членот 144 став (2) дава простор за различно толкување и соодветно, нееднаква примена во праксата. Имено, дел од работодавачите споменатата одредба ја применуваат со признавање на исклучиво последователно користење на двата дена од годишниот одмор, без можност за раздвојување на деновите.

Јасно е дека при користењето на годишниот одмор, првично се земаат предвид потребите на работниот процес, а потоа и „... можностите за одмор и рекреација на работникот, водејќи сметка за неговите семејни обврски...“. Ова доаѓа оттаму што работодавачот е оној кој го организира работниот процес и го прави планот за годишните одмори на работниците во правниот субјект.

Во ставот (2) на истиот член, како исклучок, се регулира правото на работникот два дена од неговиот годишен одмор да ги искористи во денови кои работникот сам ќе ги определи, при што ова право работникот може да го искористи само ако на тој начин посериозно не се загрозува работниот процес, а работникот има обврска и да го извести работодавачот најдоцна три работни дена пред користењето на овие денови.

Ваквото регулирање е разбирливо ако се знае дека целта на одредбата е да се направи баланс помеѓу фактот што скоро целото користење на годишниот одмор зависи првенствено од работодавачот и организацијата на работниот процес и можноста  два дена од одморот да бидат под друг режим, односно по желба на работникот, што секако не се постигнува со користење на само два поврзани дена.

Дополнително, формулацијата „...да ги искористи во денови кои работникот сам ќе ги определи...“ неспорно значи дека се работи за поединечни денови по негов избор, бидејќи во спротивно, законодавецот ќе користел поинакви зборови, односно ќе прецизирал дека, на пример тие два дена треба да се во период кој работникот сам ќе го определи.

Несоодветната примена на одредбата е злоупотреба која значи прекршување на Законот од страна на работодавачите и во никој случај како оправдување за истото не може да ја има непрецизноста на членот 144 став (2).

Врз основа на наведеното, се смета дека членот 144 став (2) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21) е јасен и прецизен и поради тоа Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на истиот.

**Точка 90**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 15 ставови 1 и 2 и став 4 алинеи 1, 3 и 5, член 19 став 2, член 38 став 4, член 41 ставови 1 и 2, член 46 ставови 3, 4, 5 и 6, член 66 став 1 алинеја 1, член 67 став 1 алинеја 1, член 68 став 1 алинеја 1, член 69 став 1 алинеја 1, член 70 став 1 алинеја 2, член 71 став 1 алинеја 2, член 72 став 1 алинеја 1, член 73 став 1 алинеја 1, член 79 став 2 алинеи 1 и 5, член 80 став 3, член 83 став 1 алинеја 1, член 88 став 1 алинеја 1, член 90 став 1 алинеи 1 и 2, член 91 став 4 алинеја 2, член 94 став 2 и член 134 став 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), поднесено од градоначалникот на Општина Битола и притоа го утврди следното мислење:

Имајќи ги предвид материјалните одредби од член 15 став (1), (2) и став (4) алинеи 1, 3 и 5, член 19 став (2), член 38 став (4), член 41 став (1) и (2), член 46 став (3), (4), (5) и (6), член 66 став (1) алинеја 1, член 67 став (1) алинеја 1, член 68 став (1) алинеја 1, член 69 став (1) алинеја 1, член 70 став (1) алинеја 2,член 71 став (1) алинеја 2, член 72 став (1) алинеја 1, член 73 став (1) алинеја 1, член 79 став (2) алинеи 1 и 5, член 80 став (3), член 83 став (1) алинеја 1, член 88 став (1) алинеја 1, член 90 став (1) алинеи 1 и 2, член 91 став (4) алинеја 2, член 94 став (2) и член 134 став (1), од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија", бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 275/19), со кои е предвидена законска основа за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, врз основа на урбанистички план или урбанистичко планска документација, како и имајќи ги предвид материјалните одредби од член 2 став (1) точка 52 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 32/20) со кои е предвидено дека: „Урбанистичко планирање е планерска урбанистичка и урбанистичко-архитектонска дејност за просторно разработување и спроведување на просторните планови со физичко обликување и уредување на границите на населените места и на градбите вон населените места, како и организацијата, намената, начинот на употребата на просторот и земјиштето и начинот и условите за изградба на планираните градби", а во насока на тоа и одредбите кои произлегуваат од Глава V. Спроведување на урбанистички планови, односно член 58 став (1) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.32/20) со кои е предвидено дека „Урбанистички проект е планско-проектна документација што се изработува врз основа на урбанистичките планови од членот 10 став (1) точки 2, 3, 4 и 5 од овој закон и служи за нивна разработка и спроведување. Со урбанистичкиот проект се врши детално разработување на градежни парцели и на градежното земјиште за општа употреба за кои во урбанистичките планови не се дадени детални одредби за градење и уредување на земјиштето", Владата на Република Северна Македонија известува дека примената на урбанистичките проекти предвидени согласно материјалните одредби од член 58 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 32/20) наоѓа соодветна примена во називот Урбанистичко планска документација, од причина што истите се изработуваат врз основа на параметри и архитектонско-урбанистички карактеристики произлезени од постојни и важечки урбанистички планови, со исклучок на Урбанистички проект предвиден согласно материјалните одредби од член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 32/20) со кои се предвидува „Урбанистички проект може да се изработува и за поединечни градби и инфраструктури од државно и локално значење вон населени места и вон опфат на урбанистички планови на земјоделско, шумско и друго земјиште, крајбрежни појаси и други простори за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план согласно овој закон, а постои соодветен или некатегоризиран сообраќаен пристап, во кој случај урбанистичкиот проект се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот", но и во овој случај се задржува планската компонента која подразбира изработка на урбанистички план.

Согласно наведеното, а пред се од причина што согласно материјалните одредби од член 15 став (1), (2) и став (4) алинеи 1, 3 и 5, член 19 став (2), член 38 став (4), член 41 став (1) и (2), член 46 став (3), (4), (5) и (6), член 66 став (1) алинеја 1, член 67 став (1) алинеја 1, член 68 став (1) алинеја 1, член 69 став (1) алинеја 1, член 70 став (1) алинеја 2,член 71 став (1) алинеја 2, член 72 став (1) алинеја 1, член 73 став (1) алинеја 1, член 79 став (2) алинеи 1 и 5, член 80 став (3), член 83 став (1) алинеја 1, член 88 став (1) алинеја 1, член 90 став (1) алинеи 1 и 2, член 91 став (4) алинеја 2, член 94 став (2) и член 134 став (1), од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија", бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 275/19), се предвидува законска можност за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, врз основа на урбанистичко-планска документација, а урбанистичките проекти од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.32/20), согласно своите урбанистичко-архитектонски карактеристики имаат планска компонента која наоѓа свое значење во изразот урбанистичко-планска документација, а како таква е адекватна на ново дефинираниот израз планско-проектна документација, Владата на Република Северна Македонија смета дека е потребно да се даде автентично толкување на одредбите од член 15 став (1), (2) и став (4) алинеи 1, 3 и 5, член 19 став (2), член 38 став (4), член 41 став (1) и (2), член 46 став (3), (4), (5) и (6), член 66 став (1) алинеја 1, член 67 став (1) алинеја 1, член 68 став (1) алинеја 1, член 69 став (1) алинеја 1, член 70 став (1) алинеја 2,член 71 став (1) алинеја 2, член 72 став (1) алинеја 1, член 73 став (1) алинеја 1, член 79 став (2) алинеи 1 и 5, член 80 став (3), член 83 став (1) алинеја 1, член 88 став (1) алинеја 1, член 90 став (1) алинеи 1 и 2, член 91 став (4) алинеја 2, член 94 став (2) и член 134 став (1), од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија", бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија", бр.275/19), во поглед на тоа што урбанистичките проекти предвидени согласно материјалните одредби од член 58 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 32/20), може да се третираат како урбанистичко планска документација и истите да се применуваат врз основа на материјалните одредби од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија", бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 275/19).

## Точка 91

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2022 година и притоа го утврди следното мислење:

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 став (1) точка 25) од Законот за спречување и заштита од дискриминација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.258/20), поднесува на разгледување Годишен извештај за својата работа до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

Согласно податоците од доставениот материјал, постои зголемување на бројот на поднесени претставки за 188% во однос на 2021 година, што покажува дека препознавањето на работата на Комисијата е во пораст и истовремено претставува показател за успешноста на работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Потребно е да се истакне дека при избор на нови членови во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација треба да се има во предвид член 16 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (*), односно „членовите на Комисијата треба да го одразуваат составот на општеството во целина и при изборот на членовите на Комисијата се применуваат принципите за соодветна застапеност на сите општествени групи, начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците и родово балансирано учество", а бидејќи од пет члена во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација само една е жена се препорачува новоизбраните комесари да бидат од женскиот пол.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење во однос на Годишниот извештај за работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2022 година.

## Точка 92

Владата го разгледа Годишниот извештај на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2022 година и по истиот нема забелешки.

## Точка 93

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа за 2022 година, Финансискиот план за 2023 година, Стратешкиот план за 2023 година и Програмата за работа за 2023 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки, со предлог - одлуки и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 135 став (1) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.86/21), Државната комисија за жалби по јавни набавки поднесува годишен извештај за своето работење до Собранието на Република Северна Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година.

Според став (5) од овој член, Државната комисија за жалби по јавни набавки донесува финансиски, стратешки планови и годишна програма за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки кои ги доставува до Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до крајот на март од тековната година и го организира нивното спроведување.

Согласно став (6) од овој член, на финансиските и стратешките планови, како и на годишната програма за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки согласност дава Собранието на Република Северна Македонија.

По однос на текстовите на Предлог - одлуката за давање согласност на Стратешкиот план на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2023 година, Предлог - одлуката за давање согласност на Програмата за работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2023 година и Предлог - одлуката за давање согласност на Финансискиот план за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки за 2023 година од формално правен аспект се укажува на потребата од редакциско подобрување.

Имајќи предвид дека презентираните финансиски показатели за 2022 година кои се содржани во Годишниот извештај за работа за 2022 година се во согласност со трезорската евиденција, а проектираните финансиски показатели за 2023 година кои се содржани во Финансискиот план за 2023 година и Програмата за работа за 2023 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки се во согласност со одобрениот Буџет за 2023 година, од фискален аспект Владата на Република Северна Македонија нема забелешки.

<u>**Точка 94**</u>

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2022 година, финансиски извештаи и Извештај на независниот ревизор, со Предлог-одлука и притоа го утврди следното:

Согласно член 109 од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија" бр.48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.302/20), Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор е должна до Собранието на Република Македонија да достави годишен извештај за работата за претходната година.

Според став (4) од истиот член, годишниот извештај за работата за претходната година Управниот одбор го доставува до Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 март во тековната година, а Собранието на Република Северна Македонија го одобрува, најдоцна до 30 април истата година.

Согласно Извештајот за финансискиот план и финансискиот извештај за 2022 година, Агенцијата во 2022 година има остварено приходи во вкупен износ од 18.062.233,00 денари и вкупни расходи по оданочување во износ од 6.545.930,00 денари. Извештајот за 2022 година содржи структурна анализа на планираните расходи во 2022 година и остварените расходи во истата година, структурна анализа на планираните приходи и остварените приходи во 2022 година, како и споредбени показатели со реализираните приходи и расходи во 2021 година.

Во прилог е доставен Ревизорски извештај, согласно кој финансиските извештаи во сите значајни аспекти даваат вистинита и објективна слика за финансиската состојба на 31.12.2022 година, како и приходите и расходите за годината која завршува на тој ден во согласност со Законот за сметководство за непрофитни организации во Република Северна Македонија.

По однос на текстот на Предлог - одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2022 година, Владата освен редакциски нема други забелешки од формално- правен аспект. При тоа се укажува дека во Предлог-одлуката ќе треба да се достави и соодветно образложение во кое ќе се образложи потребата за донесување на истата.

Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење по Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2022 година, финансиски извештаи и Извештај на независниот ревизор, со Предлог-одлука со укажување да се постапи по горенаведените забелешки.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од СОНК - Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија, доставена до Уставниот суд под У.бр.44/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 166-б од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата наведува дека „оспорениот член 166-б од Законот за заштита на децата, односно методологијата за пресметка на плата утврдена во овој член довела до намалување на платата на вработените во одредени градинки, кои работат на работно место воспитувач, со завршено вишо образование VI/1 степен, односно платата на оваа категорија вработени е пониска од платата на вработените со повисок степен на образование за истото работно место“.

Во Иницијативата се наведува дека „ваквиот начин на пресметка на плата создава можност, за иста работа, на исто работно место, да се остварува различна основна плата и тоа не како резултат на различни резултати од работата, туку како резултат на различен степен на образование на работникот, што би значело основ за воведување на нееднаквост на работниците пред Уставот на Република Северна Македонија и Законот за работните односи“.

Дополнително, во Иницијативата се наведува дека „законодавецот, основот за еднаквоста на платата со кој воспитувачите со вишо образование земале иста плата како воспитувачите со високо образование го уредил со член 98 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19), па од денот на влегувањето и стапувањето во сила на овој член па се до денес, не постои негова промена во ниту едни измени и дополнувања во Законот за заштита на децата, што само по себе укажувало на тоа дека истиот се уште е во важност“.

Наводите во Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на предметниот член од Законот за заштита на децата, во која се наведува дека „е во спротивност со член 8 став (1) алинеја 1 и 3, член 9, член 32, член 51 и член 54 став (1) од Уставот на Република Северна Македонија и на законските одредби кои ги уредуваат работните односи“ се неиздржани и неосновани во целост.

Посочените одредби не се во несогласност со Уставот на Република Северна Македонија и со истите не се повредени законските одредби од Законот за работните односи.

Со заклучок на Владата на Република Северна Македонија од 2.3.2022 година, Владата на Република Северна Македонија го задолжи Министерството за информатичко општество и администрација да подготви и во рок од 14 дена до Владата на Република Северна Македонија да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници, по скратена постапка во однос на соодветно усогласување со Законот за минималната плата.

Дополнително, Владата на Република Северна Македонија ги задолжи сите министерства кои имаат потреба од изменување/дополнување на соодветни закони истите да се усогласат со Законот за минималната плата во Република Северна Македонија.

За таа цел, Собранието на Република Северна Македонија на 21.4.2022 година го донесе Законот за изменување на Законот за административните службеници објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.99/22. Со овој закон се регулирани категориите и нивоата на административни службеници, како и нивните плати и надоместоци на плати.

Имајќи предвид, дека Законот за заштита на децата ги утврдува платите на давателите на услуги во јавните установи за деца, со Законот за изменување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.236/22) се изврши усогласување со членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за минималната плата во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.41/22) и со членот 1 од Законот за изменување на Законот за административните службеници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.99/22).

Со денот на влегувањето во сила на Законот за изменување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.236/22) платата на вработените во јавните установи за деца-детски градинки се пресметува по нова методологија.

Согласно член 166-б од Законот за заштита на децата, основната компонента на плата ја сочинуваат: минимална плата, дел на плата за степен на образование, дел на плата за ниво и дел на плата за работен стаж.

Во ставот (3) од истиот член се утврдени бодовите за ниво на квалификации/образование за секој давател на услуга на начин што за ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен се утврдени 56 бодови, за ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС се утврдени 31 бод, за ниво на квалификации V А, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование - 11 бодови, а за ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование- 1 бод.

Имено, во горенаведениот закон утврдени се 1 бод за давател на услуги со завршено средно образование, 11 бодови за давател на услуги со завршено вишо образование, 31 бод за давател на услуги со завршено високо образование со стекнати 180 кредити според ЕКТС, а 56 бодови за давател на услуги со високо образование, кој има 240 кредити според ЕКТС.

Оттука, со Законот за изменување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.236/22) се врши јасна дистинкција во делот на бодовите за квалификација/образование за давател на услуга во зависност од соодветниот степен на образование. На овој начин законодавецот не врши привилегирање на едните даватели на услуги, а дискриминирање на другите даватели на услуги, односно на оние со стекнато повисоко ниво на квалификации/образование, туку со ова законско решение се постигнува еднаквост на национално ниво преку воспоставување на јасна дистинкција помеѓу вработени со средно образование, вишо, високо со 180 кредити според ЕКТС и високо образование со 240 кредити според ЕКТС.

Аналогно на ова, некој кој вложил повеќе време, труд, енергија и финансиски средства во надградување на сопственото знаење за да се стекне со повисоко образование и со поголем број на ЕКТС кредити, не би требало да биде изедначен со друг кој помалку вложувал. Таквиот ангажман, време, средства и цел која се очекува да биде постигната, несомнено е оправдано да биде сразмерно и пропорционално вреднувана од заедницата, односно од законодавецот, како што е сторено со оспорениот член 166-б.

Притоа, со овој член, за давателот на услуга со завршено високо образование со стекнати 180 ЕКТС кредити се утврдени 31 бод, па платата на давателот на услуга со завршено вишо образование логично и неспорно е дека не треба да биде вреднувана повеќе од платата на давателот на услуга со завршено високо образование кој има 180 кредити според ЕКТС.

Од овие причини, ваквото законско решение утврдено во членот 166-б од Законот за заштита на децата е апсолутно оправдано.

Согласно член 32 од Уставот „секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работење и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Секој има право на соодветна заработувачка". Ова подразбира вреднување на степенот на образование vis a vis уставното право на соодветна заработувачка од причина што помеѓу степенот на образование и правото на соодветна заработувачка постои нераскинлива меѓузависна врска, односно „соодветноста на заработувачката" покрај другите критериуми, несомнено го содржи и елементот степен на образование и соодветното вреднување на степенот на образование.

Од наведените причини предметната Иницијативата е неоснована, а оспорената одредба не е во несогласност со член 8 став (1) алинеја 1 и 3, член 9, член 32, член 51 и член 54 став (1) од Уставот на Република Северна Македонија и одредбите од Законот за работните односи, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 166-б од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22).

## Точка 96

Владата ја разгледа Иницијативата за оценување на уставноста на членот 72 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.102/19), поднесена од Петар Баришиќ од Скопје и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се наведува дека оспорениот член бил во спротивност со членовите 9, 50 став 2, 51 став 1, 98 став 3 и 4, амандман XXV, 103 став 1 и 104 став 9 од Уставот на Република Северна Македонија.

Подносителот на уставната иницијатива е на мислење дека Судскиот совет на Република Северна Македонија е со статус на јавен орган, финансиран од Буџетот на Република Северна Македонија и дека судиите биле граѓани на Република Северна Македонија и врз нив не можело да се применува посебна - вонредна законска легислатива само врз основа на професијата што ја вршеле.

Исто така, подносителот на уставната иницијатива смета дека Советот за жалби формиран во Врховниот суд на Република Северна Македонија претставувал вонреден суд спротивно на членот 98 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија, затоа што не бил редовен совет и бил составен наменски според членот 72 од Законот за Судски совет.

Ова свое тврдење подносителот на Иницијативата го заснова и на членот 103 став 1 од Уставот во кој се наведува дека „судот суди во совет па со самото тоа Советот за жалба е суд“.

Според подносителот на Иницијативата „окривените судии како граѓани на Република Северна Македонија се лишени од правото да го заштитат своето право и интерес пред редовните судови на Република Северна Македонија без ограничувања како и останатите граѓани на Република Северна Македонија“.

Според амандманот XXVIII Судскиот совет на Република Северна Македонија е самостоен и независен орган на судството кој ја обезбедува и ја гарантира самостојноста и независноста на судската власт.

Според членот 104 од Законот за Судски совет средствата за работа на Советот се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија од делот означен со Судска власт.

Подносителот на Иницијативата од наведените одредби извлекува заклучок дека Судскиот совет има својство на јавен орган, судиите статус на граѓани на Република Северна Македонија и врз нив не смее да се спроведува посебна вонредна законска легислатива спротивна на членот 9 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

Во однос на наведеното се укажува дека Советот за жалби во Врховниот суд на Република Северна Македонија нема статус на вонреден суд. Истиот е основан со Законот за Судски совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19), а согласно уставната надлежност на Судскиот совет да ги избира и разрешува судиите и судиите поротници.

Заради уставно уредената надлежност за избор и разрешување на судии, со Законот за Судски совет е формиран Советот за жалби како второстепен орган кој одлучува по жалба на судија или претседател на суд и тоа со надлежност да ја цени законитоста на постапката по кој основ може да го укине решението на Советот или да го потврди.

Во случај кога Советот за жалби го укинува решението Судскиот совет е должен да ја повтори постапката задолжително почитувајќи ги напатствијата на Советот за жалби.

На овој начин законодавецот го обезбедил правото на жалба и уставната надлежност на Судскиот совет на Република Северна Македонија да избира и разрешува судии.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата и да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на членот 72 од Законот на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 97</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.50/2023, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/06, 88/08, 159/08, 105/09, 133/09, 145/10, 171/10, 53/11, 39/12, 84/12, 187/13, 15/15, 97/15, 129/15, 154/15, 23/16 и 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 290/20 и 247/22), како и членовите од 53 до 78 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 2 став (2) од Законот за општата управна постапка, со посебните закони одделни работи може да се уредат поинаку доколку не се во спротивност со основните начела и целта на овој закон, а според член 8 од истиот закон, органите во управната постапка се должни да обезбедат еднаква, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи во решавањето на управните работи.

Во оваа смисла се укажува дека Законот за даночна постапка, како што е утврдено во членот 1 од Законот, претставува примарна основа за општото даночно право и даночната постапка и тоа за даноците и јавните давачки кои што се исклучиво доверени да ги утврдува и управува Управата за јавни приходи, како што е истакнато во членот 2 од Законот за даночна постапка. Во овој случај не станува збор за одредби кои меѓусебно се спротивставени една на друга, ниту пак се спротивни на Законот за општата управна постапка и основните начела.

Имено, Законот за даночна постапка ги уредува начелата, правилата, правата и обврските на засегнатите страни во постапката за даноците и давачките кои како јавни приходи се прилив на централниот буџет на Република Северна Македонија. Помеѓу другото, законот како lex generalis дозволува и посебно уредување на постапката за оданочување во други материјални закони кои се однесуваат на даноци, давачки и постапка која не е предмет на Законот за даночна постапка.

Од друга страна, одредбите од Законот за даноците на имот кои се предмет на оваа Иницијатива, односно оспорените одредби од член 53 до 78, ја уредуваат материјата која што е различна од онаа која се уредува со Законот за даночна постапка. Различноста односно спецификата на оспорените членови произлегува од категоризацијата на локалната власт како самостојна од централната власт. Со наведените одредби не се навлегува во самостојноста и независноста на општините при утврдување и наплата на даноците на имот туку напротив се зајакнува системот на контрола на правилната имплементација на Законот за даноците на имот и соодветна наплата на истите од страна на општините.

Овде станува збор за данок кој е извор на сопствен приход на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија, согласно член 114 став (4) од Уставот на Република Северна Македонија (општините се финансираат од сопствени извори на приходи определени со закон и со средства од Републиката) и која согласно член 8 став (1) алинеја 9 од Уставот на Република Северна Македонија, претставува темелна вредност (темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија е локалната самоуправа).

Во оваа насока, се укажува на тоа дека по однос на владеењето на правото како темелна вредност која е прецизирана во Уставот на Република Северна Македонија, Законот за даноците на имот е донесен во потполна усогласеност со Уставот, како и на тоа дека со донесување на Законот за даноците на имот создаден е механизам кој има за примарна цел да ја подобри фискалната дисциплина на општините и општинската администрација кои се дел од процесот на децентрализација на власта.

Сето ова влијае во насока на спречување на избегнување на плаќањето на даноците на имот во сиот свој опфат, а во заштита на граѓаните и сите физички и правни лица кои редовно ги плаќаат своите давачки и навремено ги исполнуваат своите даночни обврски. Ова, следејќи го примерот на даночната регулатива и даночната политика во земјите во регионот и пошироко.

Согласно горенаведеното, Законот за даноците на имот и Законот за даночна постапка, за чија доследна и единствена примена се грижи Министерството за финансии, не вршат дискриминација по ниту еден основ наведен во Уставот на Република Северна Македонија, ниту пак се во спротивност со член 9 од Уставот и граѓаните не ги прават нееднакви пред истите.

Имено, оспорените одредби не задираат и не ги прекршуваат основите човекови права утврдени со Уставот и меѓународното право, туку одредбите кои го уредуваат и прецизираат начинот на плаќањето на даноците, даночните стапки и даночната обврска, дополнително се во насока на почитување на владеењето на правото и правната сигурност, посебно во случаи кога еден граѓанин може да се јави како даночен обврзник за повеќе видови на даноци без разлика дали истите се администрираат и претставуваат приход на централно или локално ниво.

Воедно, согласно член 33 од Уставот на Република Северна Македонија, секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон, а согласно член 51 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите во Република Северна Македонија.

Оттука, Законот за даноците на имот и Законот за даночна постапка не ја оспоруваат еднаквоста на граѓаните, владеењето на правото, основните човекови права, сопственоста, ниту хуманизмот, социјалната правда и солидарноста, туку напротив со истите се зајакнува правната сигурност и еднаквост.

Имајќи го предвид сето погоренаведено, членот 2 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/06, 88/08, 159/08, 105/09, 133/09, 145/10, 171/10, 53/11, 39/12, 84/12, 187/13, 15/15, 97/15, 129/15, 154/15, 23/16 и 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 290/20 и 247/22), како и членовите од 53 до 78 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната Иницијатива како неоснована.

<u>**Точка 98**</u>

Владата го разгледа Статутот на Приватна високообразовна установа Универзитет Скопје - Скопје, бр.03-56/3 од 2.3.2023 година и по истиот даде позитивно мислење.

<u>**Точка 99**</u>

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“ - Свети Николе, бр.02-88/2 од 1.3.2023 година и по истата даде позитивно мислење.

<u>**Точка 100**</u>

Владата ја разгледа Понудата од нотар Дарко Стојкоски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.11548 за КО Долно Лисиче-вонград на КП бр.933, викано место/улица „Трска“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 101

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анета Петровска Алексова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.9498 за КО Гази Баба, на КП бр.1363/7 и Имотен лист бр.5834 на КП бр.1360/1, викано место/улица „ул. Перо Наков“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 102

Владата ја разгледа Понудата од нотар Башким Амети од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.12780 за КО Сарај на КП бр. 13061/1 и Имотен лист бр.14425 за КО Сарај на КП бр.13061/2, викано место/улица „Сарај“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 103

Владата ја разгледа Понудата од нотар Башким Амети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.101632 за КО Ѓорче Петров 4-Влае на КП бр.6898, викано место/улица „Ѓорче Петров“ и по Понудата, ги усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 104

Владата по Известувањето од извршител Крум Коцарев од Скопје доставено под И.бр.2185/16, за Налог за извршување врз недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.4004, за КО Ѓорче Петров 2 - Мирче Ацев, КП бр.9422/1 го усвои негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 105

1. Владата ја разреши Благица Павловска од должноста вршител на должноста директор на Државниот испитен центар.

2. Владата ја именува Благица Павловска за директор на Државниот испитен центар.

3. Владата му предложи на Собранието на Република Северна Македонија за член на Регулаторната комисија за домување да го именува Љупчо Довичински.

4. Владата го именува Звонко Зафироски за член на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, претставник од Министерството за локална самоуправа.

5. Владата го именува Зоран Наков за заменик на директорот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија-Скопје.

6. Владата го разреши Златко Колев од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија.

6.1. Владата го именува Јашар Сулиман за член на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија.

7. Владата на Амир Билали му утврди право да остварува плата по престанок на функцијата вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за млади и спорт, за време од 9 месеци, сметано од 9 март 2023 година до 9 декември 2023 година.

**Точка 106**

1.Владата ја разгледа Предлог-одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата, во рок од два дена, да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

2.Владата по повод одбележувањето на Меѓународната детска ликовна колонија „Мал битолски Монмартр“ во Општина Битола, го определи составот на делегацијата што ќе присуствува на манифестацијата и тоа:

- д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура,
- Славјанка Петровска, министер за одбрана и
- Ристо Пенов, министер за локална самоуправа.

3.Владата по повод Информацијата во врска со поднесеното Барање за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Зла Осојница“ с.Блаце, Општина Брвеница, ги донесе со следните заклучоци:

3.1. Го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Сектор за регистрирање и управување со земјоделско земјиште, во рок од три дена да даде мислење во однос на Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Зла Осојница“ с.Блаце, Општина Брвеница.

3.2. Го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Сектор за шумарство, во рок од три дена да даде мислење во однос на Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Зла Осојница“ с.Блаце, Општина Брвеница.

3.3. Го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање - Сектор за води, во рок од три дена да даде мислење во однос на барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Зла Осојница“ с.Блаце, Општина Брвеница.

3.4. Го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина, во рок од три дена да даде мислење во однос на барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Зла Осојница“ с.Блаце, Општина Брвеница.

4.По повод работната посета на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, на Словачка Република и Република Молдавија, од 30 мај до 2 јуни 2023 година, а со цел проследување на активностите од страна на претставниците на македонските медиуми поврзани со работната посета, Владата заклучи:

4.1. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да ги информира Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, за бројката на претставниците на медиумите кои ќе патуваат во Словачка Република и Република Молдавија, соодветно.

4.2. Се задолжуваат Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги поделат меѓусебно трошоците за превоз и сместување на претставниците на медиумите кои ќе патуваат и ќе присуствуваат на работната посета во Словачка Република и Република Молдавија.

5. Владата го разгледа Предлог – решението за формирање на Комисија за разгледување на барања за добивање на дозвола за вршење промет на воени стоки и го донесе Решението, со заклучок текстот на истото номотехнички да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

6. Владата на предлог на д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија за членови на Делегацијата на Десеттата конференција на рамковната конвенција на Светската здравствена организација, која ќе се одржи од 20 до 25 ноември 2023 година во Панама, ги определи:

- Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство
- д-р Фатмир Меџити, министер за здравство
- Александра Ристовска – Ефтимова, од Министерството за здравство
- Ангел Митевски, од Министерството за здравство
- Неда Груевска, од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

7. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 11 мај 2023 година до 17 мај 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

8. Владата заклучи:

- Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за аеродромскиот комплекс Охрид, како и за подрачјето на јаловишната депонија во Општина Пробиштип.

9. Владата по:
- Предлогот на закон за реализација на проектот „Нов Универзитетски клинички центар" за изградба и ставање во употреба на комплекс на градби, по скратена постапка, утврден на Дваесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 декември 2020 година;

- Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести (*), утврден на Шеесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 јули 2022 година;

- Предлогот на закон за изменување на Законот за заштита од јонизирачко значење и радијациона сигурност, утврден на Шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2020 година;

- Предлогот на закон за изменување на Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување, утврден на Шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2020 година;

- Предлогот на закон за изменување на Законот за прекинување на бременоста, утврден на Шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2020 година;

- Предлогот на закон за изменување на Законот за евиденциите во областа на здравството, утврден на Шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2020 година;

- Предлогот на закон за изменување на Законот за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја, утврден на Шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2020 година;
- Предлогот на закон за изменување на Законот за безбедност во снабдувањето со крв, утврден на Шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2020 година;

- Предлогот на закон за изменување на Законот за ментално здравје, утврден на Шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2020 година;

- Предлогот на закон за изменување на Законот за континуирано стручно усовршување на докторите на медицина, утврден на Шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2020 година;

- Предлогот на закон за изменување на Законот за доброволно здравствено осигурување, утврден на Шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2020 година;

наместо претходно определените, за претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието ги определи д-р Фатмир Меџити, министер за здравство и д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство, а за повереници д-р Јусуф Хасани, државен секретар во Министерството за здравство и Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство.

10. Владата по повод Одлуката за номинација на кандидат на Република Северна Македонија за судија во Меѓународниот кривичен суд во Хаг, донесена на Сто триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, под бр.41-3089/3, одржана на 21 март 2023 година, го задолжи Министерството за надворешни работи во рамки на одобрениот буџет за 2023 година да ги покрие трошоците кои произлегуваат од активностите за промоција на кандидатурата на д-р Мирјана Лазарова Трајковска за судија во Меѓународниот кривичен суд во Хаг, согласно член 2 од горереспоменатата Одлука.

## <u>Точка 107</u>

Владата ја разгледа Информацијата за прераспределба на неискористените средства до пропишаниот лимит до 15% од планираните капитални расходи од донесениот основен буџет со вклучени прераспределби кај буџетските корисници од централната власт во првиот квартал во 2023 година, согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, со Преглед за реализација на капиталните расходи, како материјал за информирање.

Точка 108

Владата ја разгледа Информацијата по однос на заклучоците донесени на Седумдесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија за мерките и динамиката за исплата на неплатените даночни обврски на јавните претпријатија - даночни должници и промената на долговните состојби кај истите до 31.12.2021 година, со прилог, како материјал за информирање.

Точка 109

Владата го разгледа Годишниот извештај за оценувањето на административните службеници во Република Северна Македонија за 2022 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Државниот управен инспекторат да извршат контроли во однос на спроведувањето на Законот за административни службеници, во делот на оценувањето на административните службеници со оцена „А“ и по спроведените контроли да достави извештај до Владата.

Точка 110

Владата ја разгледа Информацијата за донесување Протокол за меѓусебна соработка на надлежни субјекти за преземање мерки за превенција, спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, со усогласен текст на Протокол, како материјал за информирање.

Точка 111

Владата ја разгледа Информацијата за динамиката на спроведување на активности, со цел олеснување и забрзување на протокот на патници, возила и стоки на граничните премини Табановце – Прешево, како дел од Иницијативата Отворен Балкан, како материјал за информирање.

Точка 112

Владата го разгледа Извештајот за работата на Советот за македонски јазик за периодот март – декември 2022 година, како материјал за информирање.

Точка 113

Владата го разгледа Извештајот за работата на Државниот испитен центар за 2022 година, со Финансиски извештај, како материјал за информирање.

**Точка 114**

Владата ги разгледа Годишниот извештај за работата на Советот за образование на возрасните за 2022 година и Годишниот план за работата на Советот за образование на возрасните за 2023 година, како материјали за информирање.

**Точка 115**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1 октомври 2022 година до 31 декември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 116**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – берза Скопје, за периодот јануари – март 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 117**

Владата ја разгледа Информацијата за извршени координирани акции и други активности на Координативното тело за интелектуална сопственост во текот на 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 118**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Министерството за финансии - Царинска управа на Република Северна Македонија (сметка на основен буџет 637, сметка на основен буџет 631 и сметка на буџет од самофинансирачки активности 787), како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Министерството за финансии - Царинска управа на Република Северна Македонија, да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Министерството за финансии - Царинска управа на Република Северна Македонија (сметка на основен буџет 637, сметка на основен буџет 631 и сметка на буџет од самофинансирачки активности 787) и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 119**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2022 година, како материјал за информирање.

## Точка 120

Владата го разгледа Извештајот за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлука на Владата на Република Северна Македонија бр.41-7523/1 од 30.8.2022 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се препорачува на Општина Лозово, нераспределените средства да ги уплати во Буџетот на Република Северна Македонија.

## Точка 121

Владата го разгледа Извештајот за реализација на финансиски средства добиени со Одлука на Владата на Република Северна Македонија бр.41-7523/1 од 30.8.2022 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се препорачува на Општина Могила, нераспределените средства да ги уплати во Буџетот на Република Северна Македонија.

## Точка 122

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување на Годишно собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 30 мај 2023 година, ја усвои Информацијата и заклучи:

1. Заклучоците од оваа информација да се достават до овластеното лице Милан Живковиќ, кое согласно член 392 од Законот за трговските друштва, има својство на полномошник и претставник на акциите на Владата на Република Северна Македонија во Друштвото, како инструкција за начинот на гласање на Годишното собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 30.5.2023 година, односно да гласа како што е утврдено во третиот заклучок од оваа информација.

2. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија го известува друштвото Тутунски комбинат АД Прилеп за издаденото полномошно на претставникот на своите акции во Друштвото.

3. Го одобри начинот на гласање на Собранието од страна на својот преставник, по наведените точки од дневниот ред и тоа:

ДНЕВЕН РЕД:
Процедурален дел

1. Избор на работни тела на Собранието

a) Верификациона комисија од 3 члена

- По оваа точка од друштвото е доставена Предлог-одлука за избор на верификациона комисија. За оваа точка  да се гласа „ЗА“.

б) 1 бројач на гласови.

-По оваа точка од друштвото е доставена Предлог-одлука за избор на бројач на гласови. За оваа точка се гласа „ЗА“.

2. Избор на претседавач на собрание на акционери

-Во доставениот материјал за седницата дадена е Одлука за избор на претседавач на Собрание. За оваа точка се гласа „ЗА“.

Работен дел:

1. Разгледување и одобрување на Годишниот извештај за работењето на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2022 година, во прилог:

- Предлог-одлука за одобрување на Извештајот за работењето на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2022 година / Да се гласа „ЗА“.

2. Одобрување на Годишната сметка и финансиските извештаи и распоредување на добивката на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2022 година

- Предлог-одлука за одобрување на Годишната сметка и финансиските извештаи и распоредување на добивката на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2022 година. / Да се гласа „ЗА“.

3. Разгледување и усвојување на Извештајот од извршената ревизија на годишните сметки и финансиските извештаи на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2022 година

- Предлог-одлука за одобрување на извештајот на независниот ревизор за деловната 2022 година / Да се гласа „ЗА“

4. Одобрување на работата и на водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори

- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп на Кире Станкоски (извршен член). / Да се гласа „ПРОТИВ“.

- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп на Татјана Стефаноска (извршен член). / Да се гласа „ПРОТИВ“.

- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп на Ристе Ташев (извршен член). / Да се гласа „ЗА“.

- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп на Сретен Богоевски (независен неизвршен член). / Да се гласа „ЗА“.

- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп на Златко Сарев (неизвршен член). / Да се гласа „ЗА“.

- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп на Миле Велкоски (независен неизвршен член). / Да се гласа „ЗА“ и

- Предлог-одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп на Абдула Бајрамоски (неизвршен член). / Да се гласа „ЗА“.

5. Престанок на мандат на член на Одбор на директори на тутунски комбинат АД Прилеп поради истекување на мандат

- Предлог-одлука за престанок на мандат на неизвршен член на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп. Да се гласа „ЗА“.

6. Избор на член на Одбор на директори

- Предлог-одлука за избор на член на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп. Да се гласа „ЗА“, за неизвршен член да го избере Милаим Амеди, согласно дадените препораки во Информацијата.

7. Назначување овластен ревизор за ревизја на годишната сметка и финансиските извештаи на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2023 година.

- Предлог–одлука за избор и назначување овластен ревизор. / Да се гласа „ЗА“, за Пелагониска ревизорска куќа ДООЕЛ, согласно дадените препораки во Информацијата.

8. Донесување одлука за изменување и дополнување на Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп

- Предлог-одлука за изменување и дополнување на Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп / Да се гласа „ЗА“, по претходно постапување согласно дадените препораки во Информацијата.

Истовремено, Владата заклучи:
1. Се задолжува Милан Живковиќ, полномошник и претставник на акциите на Владата на Република Северна Македонија во Друштвото, на седницата на Собранието, да му предложи на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп одржување на продолжена седница, на која ќе се изврши избор на членови на Одборот на директори на местото на членовите на Одборот на директори на кои не им е одобрена работата за деловната 2022 година, согласно член 384 став (8) од Законот за трговските друштва и точката 4. Одобрување на работата и на водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори од Работниот дел, од овие заклучоци.

2. Му предлага на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп да го отповика Кире Станкоски од должноста извршен член на одборот на директори и за извршен член на одборот на директори да го избере Зоран Пачешкоски.
3. Му предлага на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп да ја отповика Татјана Стефаноска од должноста извршен член на одборот на директори и за извршен член на одборот на директори да го избере Гоце Котески.

**Точка 123**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнатата арбитражна постапка по однос на раскинување на Договор за изведба на градежни работи на Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза“, Скопје бр. RHPI-II-ICB-002-16 со арх. бр. 20-74/34 од 19.5.2017 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори, во најкраток можен рок да ги преземе сите потребни активности за обезбедување на меѓународен застапник што ќе обезбеди застапување и правна стручна поддршка на Министерството за здравство во сите фази на поведената арбитражна постапка за Договор за изведба на градежни работи на Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза“ Скопје бр. RHPI-II-ICB-002-16 арх. бр. 20-74/34 од 19.5.2017 и за истото до Владата да достави информација со предлог за понатамошно постапување.

**Точка 124**

Владата ја разгледа Информацијата за измена на динамика на реализација на повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за реализација на проектот „Регулација на дел од Ободен канал во н.м. Арачиново, Општина Арачиново“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, врз база на даденото позитивно мислење, да ги обезбеди предвидените средства во буџетот на Министерството за животна средина и просторно планирање и тоа за:
- 2024 година 29.578.678,00 денари и
- 2025 година 7.000.000,00 денари.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да започне постапка за повеќегодишна јавна набавка.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање потребните средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има во предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 125**

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за мај 2023 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 26.5.2023 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со мајските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 29.5.2023 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:

- За пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 29.5.2023 година (понеделник);

- За пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 30.5.2023 година (вторник);

- За пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 31.5.2023 година (среда) и

- За пензии со висина над 18.001 денари, исплатата да се изврши на 1.6.2023 година (четврток).

**Точка 126**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 127**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО во Република Романија.

**Точка 128**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО операцијата „enhanced Vigilance Activity-eVA“, во Република Романија.

## Точка 129

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во борбената група на НАТО операцијата „enhanced Vigilance Activity-eVA“, во Република Романија.

## Точка 130

Владата ја разгледа Предлог-уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година и ја донесе Уредбата со заклучок, текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:15 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| **м-р Методија Димовски** | **Димитар Ковачевски** |